**ЗАПИСНИК**

**од 32-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 13.09.2016 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски, претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи, заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Методија Јанчески, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски, Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручна служба:** м-р Драгица Љубевска, м-р Магдалена Давидовска Довлева, Маја Дамевска, Ивана Стојановска, Илија Витков.

**Други присутни:** Дејан Георгиевски од ЦРМ, Габриела Димковиќ Мишевска ТВ21.

Г-дин Петрушевски ја отвори 32-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

1. Усвојување на Предлог-записник од првото продолжение на 30-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 07.09.2016 година.

2. Усвојување на Предлог-записник од 31-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 07.09.2016 година.

3. Информација во врска со наодите од „Студијата за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола, од аспект на исполнувањето на целите на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и од аспект на потребите на публиката“.

4. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и со 7 гласа „за“, го усвои Записникот од првото продолжение на 30-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 07.09.2016 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот на Агенцијата го разгледа и со 7 гласа „за", го усвои Записникот од 31-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 07.09.2016 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски ја образложи Информацијата во врска со наодите од „Студијата за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола, од аспект на исполнувањето на целите на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и од аспект на потребите на публиката". Објасни дека по извршената јавна набавка беше ангажирана фирмата „ТАРГЕТ КОМУНИКАЦИИ", кои ја доставија Студијата. Заклучокот од квантитативната и квалитативната анализа, покажа дека има потреба за влез на нова телевизија, и тоа телевизиски програмски сервис од општ формат со сите три медиумски функции или телевизиски програмски сервис со претежно образовен општ формат. Нагласи дека треба да се има предвид специфичниот период во кој се наоѓа државата, за прв пат 100 дена пред избори, период пред да биде распуштен парламентот и пред да се започнати предизборните активности, при тоа и дека се работи за доделување дозвола за национално покривање. Во таа насока предочи дека Советот треба да донесе Одлука дали ќе се објави јавен конкурс за доделување дозвола на еден од наведените програмски сервиси и предложи, таа Одлука да се донесе по завршување на изборите и по објавувањето на конечните резултати, бидејќи самата подготовка на тендерската документација одзема време и останува прашањето дали Агенцијата ќе стигне до 12 октомври 2016 година да ја направи, заклучи дека подобро е да се започне постапката по завршување на изборите. Во врска со наодите од Студијата, ја повика раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права, м-р Магдалена Давидовска Довлева, да даде објаснување.

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права, м-р Магдалена Давидовска Довлева, објасни дека првиот сегмент на Студијата е оправданост за објавување на конкурс од аспект на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а вториот дел е од аспект на потребите на публиката. Во првиот дел се презентирани податоци на програмската понуда на постојните телевизиски станици и направена е анализа на економските перформанси на овие телевизии. Исто така, во еден дел од Студијата дадена е компаративна анализа со неколку други земји, а во петтиот дел од неа се пресметани индексите на концентрација од каде што и се влечат суштински заклучоци, во овој случај дека постои можност за влез на нова телевизија, на овој сегмент од телевизискиот пазар. Вториот дел што се однесува на потребите на публиката, констатирано од страна на Агенцијата уште во тендерот за јавна набавка, дека треба да биде направено истражување, анкета, со користење на „КАТИ" методата, компјутерски избрани, телефонско интервју со што ќе бидат анкетирани 1200 испитаници, на возраст над 16 години. И од овој дел од Студијата веќе е извлечен заклучок дека доколку се објави конкурс тоа треба да биде или за телевизија од општ формат со сите три медиумски функции или за телевизија од општ формат со претежно образовна функција, што оди во прилог и на заклучоците од претходната Студија. И

тогаш, одреден дел од публиката беа ориентирани кон претежно образовни содржини, а истото е констатирано и во Стратегијата за радиодифузната дејност која се однесува на периодот 2014 -2017 година.

Г-дин Фетаи, ја поздрави Студијата која е завршена на време а анализата е направена со оглед на тоа дека е постапено по писмо на намери, односно по барањето на наш медиум кој веќе е етаблиран во Македонија, иако во Студијата анализите се општи, без адреса и податоци за кого се прави анализата. Советот знае дека се работи по искажаните намери на Телевизија 21 која веќе емитува програма со дозвола на државно ниво преку кабелските оператори. Иако се разговара за нов медиум кој ќе влезе преку дигиталната платформа, во суштина тој медиум веќе постои и функционира, но само ќе ја прошири достапноста до публиката, бидејќи ќе се емитува преку дигитален сигнал, освен оној што досега го има. Се согласи дека треба да се размислува во два аспекта, првиот кој е и најважен, што добива публиката и другиот аспект, да не се наруши пазарот и односот помеѓу постојните медиуми со оглед на ресурсите и амбиентот во кој тие дејствуваат. Смета дека инсистирањето во поглед на тоа дека треба да се оди со општ формат, претежно образовен, е во ред, бидејќи досегашните медиуми се со општ забавен формат. Тоа сега значи дека ќе се оди со едно специфично, ново поквалитетно барање во смисла на тоа што треба да се презентира на публиката. Се изјасни дека го поддржува барањето, дека е во ред идејата, пред се затоа што се овозможува да влезе странски капитал, бидејќи основачите на Телевизија 21 се од друга држава, можноста за нови вработувања бидејќи веројатно оваа телевизија гледа перспектива во Македонија и се согласиле да се прошират уште повеќе отколку што им се постојните капацитети. Г-дин Фетаи, во неговата дискусијата искажа и една резерва а се однесуваше на она што го рекол Директорот, дали мора да се објави конкурсот после изборите, се разбира доколку нема законски пречки, со оглед дека е приватен медиум кој бизнис плановите и идеите има намери да ги реализира. Треба да се разгледа и можноста тоа да се реализира пред изборите. Постави прашање до м-р Магдалена Давидовска Довлева, дали во писмото на намери на Телевизија 21, било прецизирано за кој телевизиски формат бараат дозвола, дали ќе биде тоа општ формат, дали ќе одат и понатаму со претежно забавен или планираат да одат со образовна или информативна програма. Во Студијата се покажа дека има поинаква потреба од тоа што го имавме досега, како што се телевизии од општ формат со претежно забавни карактеристики. При тоа истакна уште една компонента, а тоа е дека програмата на оваа телевизија ќе биде претежно на албански јазик и во таа смисла има една специфика. Или можеби нивното барање е универзално како што има случаи да се аплицира со повеќејазичност. На крајот уште еднаш рече дека ја поддржува идејата и добро е што е констатирано дека има простор за реализација.

Г-дин Трајчевски, одговори дека во периодот кога не се одржаа изборите, во јуни, претходно закажани за април, пристигна допис од антикорупциска комисија дека во предизборен период не треба да се врши започнување на доделување на дозволи за концесии и јавни добра кои се ограничени, а овде станува збор за ограничен ресурс, за фреквенции. Од тој аспект смета дека е подобро постапката да се започне по 11 декември 2016 година. Доколку и сега се започне, нема да се заврши до 11 декември, бидејќи во принцип обично се дава 90 дена и додека да се подготви документацијата, постапката нема да заврши пред јануари или февруари 2017 година.

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права, м-р Магдалена Давидовска Довлева, објасни дека Компани 21 во своето барање нема прецизирано точно за каков формат бараат да се распише конкурс туку имаат наведено телевизија од општ формат. Телевизија од општ формат може да биде со три медиумски функции, со претежно информативен, претежно забавен или претежно образовен формат. Студијата е нарачана и изработена поради ова барање, но кога се објавува конкурс, сите заинтересирани субјекти можат да си поднесат пријава на конкурсот и дозволата ќе ја добие оној кој најмногу ќе ги исполни условите. Студијата испитува што и треба на публиката и какви програми и недостасуваат, па оттаму е констатирано дека тоа е телевизиски програмски сервис од општ формат со сите три медиумски функции или општ формат но со претежно образовна функција. Во однос на јазикот на емитување, тие се прилично јасни и велат можност за повеќејазични преводи, титлувани или синхронизирани. Претпостави дека тоа е бизнис мотив со кој сака да се допре до поголем дел од публиката.

Г-дин Фиданоски, на почеток од неговата дискусија рече дека ќе ги поддржи предлогот и Информацијата што се однесува до Студијата. Конкретно за заклучоците, прво јавниот конкурс да се објави по завршувањето на изборите како што кажал г-дин Трајчевски за да нема евентуален конфликт со Законот, па Советот и Агенцијата бидат посочени дека делуваат пристрасно во одредени прашања. Се изјасни дека е за тоа да се воздржат, не е тоа голем период, потребно е време за подготовки и време за еден таков проект условно речено да почне да се реализира. Тоа е едниот момент. Вториот момент е околу форматот кој што треба да биде објавен во јавниот конкурс. Бидејќи стои дека Стручната служба треба да определи кој формат да го понуди, рече дека ќе и сугерира, ако може да си дозволи, Стручната служба да ги земе во предвид сите аспекти, внимателно да мери и мериторно да одлучи што е најцелисходно во овој момент за Република Македонија, односно за државата како формат. Ако тој лично се прашува, би била најдобра опција, со двата формата да се оди во јавниот конкурс. Рече дека сака да каже и неколку збора поврзани со Студијата, за кој рече дека мора да ги прокоментира. Според негово мислење има некои чудни наоди. Прво во делот на репрезентативноста, во два аспекта или во два сегмента, според него не е репрезентативен примерокот. Во половата припадност, 62% мажи и 38% жени не е репрезентативен примерок за Македонија, а кај етничката 89% Македонци и 11% останати, исто така не е репрезентативен примерок. Смета дека тоа е недостаток на самата Студија којашто не го одразува вистинскиот карактер на популацијата, па со самото тоа и на потенцијалните гледачи или актуелни гледачи на медиумите кои веќе егзистираат. Што се однесува до другите аспекти, рече дека пак ќе потенцира за да не биде погрешно сфатен, ќе направи една компарација во однос на претходната Студија што пред 8 месеци ја разговарале и разгледувале. Ако не се лаже и тогаш генералниот заклучок бил дека не постои оправданост да се отвори јавен конкурс. Смета дека и тогаш и сега постојат услови да се отвори јавен конкурс и да се додели фреквенција условно речено за терестријална дозвола, затоа што во овие 8 месеци не се променети премногу условите, и од аспект на пазарот и од аспект на уделот на некои играчи на пазарите, па дека со влезот на нов играч ќе се намали, односно ќе се зголеми конкуренцијата или обратно, на тоа ќе се неутрализира условно речено некој дуопол на телевизиите кој што го имаат поголемиот дел пазарот. Значи тогаш и сега постоеле и постојат услови да се отвори тој јавен конкурс. Второ тоа се гледа и од растот на БДП, велите за 2015 година е 3,9%, за 2014 година 3,5%. За оваа Студија аспектот ќе го земе

последниот раст, а за претходната беше тој пред него, тоа не е голема разлика која што укажува на тоа дека имало додадена вредност во ова општество, во оваа држава која што овозможува да се зголеми условно речено маркетиншкиот колач за медиумите. Друго е прашањето и друга е темата кој како учествувал во тој колач и во тој пазар, но тоа е како што рекол друга тема. Гледајќи ја Студијата, праша од каде ги црпат податоците за медиумската индустрија за 2015 година? Рече дека според негово мислење секој што ќе влезе како нов играч на медиумскиот пазар, а посакува да се случи тоа што поскоро, за да има и поголема конкуренција, апсолутно ако е сериозен инвеститор треба да има од почеток обезбеден почетен капитал, кој што во првите 3 можеби и 4 години ќе му овозможи да ги покрие сите издатоци, кои што ќе бидат по негово мислење и од искуство на работење во телевизиски медиум, поголеми отколку приходите што ќе ги има во текот на тие години. Дури можеби по 4-та година да се предвиди дека донекаде ќе се избалансираат тие приходи расходи на некоја позитивна нула, па оттаму понатака да се мисли или да се смета за евентуален профит. Значи тоа бара долгорочен проект, не е тоа детска играчка и верува дека таквиот инвеститор ќе ги има сите овие аспекти предвидено и посакува тие да се реализираат. Резимираше дека ги поддржува заклучоците дека има оправданост за отворање на јавен конкурс, очекува дека тоа ќе се случи набргу по завршување на изборите, и дека ќе се избере нов носител на терестријална дозвола, рамноправни се условите за секој што е заинтересиран да се пријави. Верува дека ќе има добри услови или дека Стручната служба ќе се определи за она што го спомнал на почетокот двата формата да бидат во игра, како најнеопходни според Студијата. Повторно потенцира дека и овој пат и претходниот пат имаше услови за отворање на јавен конкурс, зошто тогаш не се дозволи, а сега се дозволува, тоа е веќе друго прашање.

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права, м-р Магдалена Давидовска Довлева, објасни дека заклучоците од претходната Студијата беа дека резултатите од истражувањето во голема мера се поклопуваат на препораките од Стратегијата, каде се констатира отсуство на детски и образовни програми и предлага доделување на дозволи за програмски понуди од специјализиран формат. Според потребите на публиката утврдени во сегашната Студија е дека има потреба од претежно образовна документаристичка програма и програми за деца. Меѓутоа тоа што е различно од тогаш е што тогаш во барањето за распишување конкурс, поднесувачот на барањето имаше точно прецизирано општ формат од претежно информативна функција, така да со Студијата констатиравме дека од таков формат нема потреба. Инаку, во Студијата стоеше дека има констатирано потреба, но не за таков формат како што е поднесено барањето, туку за друг. Во однос на репрезентативноста на примерокот, со оглед на тоа дека тие што ја изработиле Студијата беа избрани на јавна набавка, ги доставија сите потребни документи дека се стручни да ја изработат и во тој дел може Агенцијата да им се обрати со допис, да се побара од нив појаснување за структурата по етничка и полова еднаквост и што значи тоа за репрезентативноста. За податоците за економското работење во 2015 година, потврди дека Агенцијата им ги дала тие податоци. И во самиот оглас кога се распишуваше, стоеше дека за изработка на Студијата, на располагање на изработувачот на Студијата ќе бидат сите податоци за економско работење со кои што располага Агенцијата. Анализата не беше готова, но дури и да беше можно е ним да им требаат податоци што во Анализата од некои причини не се ставени, така да секогаш им се даваат податоци, така и овој пат за 2015 година, за да биде Студијата изработена најдобро што може.

Г-дин Фетаи рече дека е добро што се дебатира за спецификите во поглед на потребите на публиката и во однос на споредба на првата Студија со втората. Според него се чувствува потребата за специјализирани програми, во смисла на образовна програма или информативна програма, бидејќи забавна програма веќе има. Една нова вредност еден нов квалитет која може и треба да се истакне, рече дека е јазикот на програмата кој ја емитуваат медиумите. Сега има едно ново богатство во смисла на реализација на инклузија, односно да стигаат до публиката сите аспекти на збиднувањата во целокупната држава и општеството, бидејќи и оваа Телевизија 21 во досегашното работење има многу емисии, програми на македонски и албански јазик. Гледа дека од комерцијалните телевизии ТВ 21 има програми и дебатни емисии и на албански, што значи на еден начин едукативно делуваат во смисла на јазикот. Бидејќи таа максима која вреди, многу е битно што се зборува отколку на кој јазик се зборува, овие го докажуваат, фактички телевизиите што директно го пласираат начинот на размислување на нивните учесници внатре. Се изјасни дека ќе го поддржи предлогот, но бидејќи се работи за комерцијална телевизија, за приватен капитал, предложи дали ќе може да се разговара со нив, во смисла да се убедат на некој начин дека образовната програма би била најсоодветна, најпотребна. Ако не се успее во тоа, да им се даде Студијата, и ако не може со претежно образовен, општ формат, да се оди со општ формат но со трите компоненти, значи да има и образовна и информативна и забавна програма, и документарна. Можеби тоа би било најсоодветно, бидејќи тие цело време се ориентирани кон гледаноста како приватни телевизии, колку ќе биде тоа интересно за пошироката публиката. Додека другите елементи: образование, култура итн. се својствени карактеристики на јавниот сервис, тој повеќе е законски обврзан да ги има сите сфери и сегменти на самото општество, додека комерцијалните освен стандардите што се законски обврзани да ги исполнуваат, повеќе се ориентирани кон гледаноста, колку е нешто интересно за публиката, како на пример турски серии или шпански. Но, сега кога го има ова барање, државата ни се наоѓа во една поспецифична состојба поради политичката криза и затоа е донесена Одлука пред да донесе Собранието одлука, веќе законски е донесена Одлука за одржување на избори, 100 дена пред изборите и во таа смисла се проширува таа законска обврска која го покрива изборниот период. На крајот рече дека се надева дека со успех ќе се заврши процесот, со обострано задоволство и наше како регулатор и на заинтересираниот капитал односно на заинтересираните страни кои ќе инвестираат понатаму во Република Македонија.

Г-дин Петрушевски, рече дека тековната состојба е дека има 4 телевизии преку кабел, кои претежно поголемиот дел од содржините се емитуваат на албански јазик и една телевизија која што емитува терестријално каде што поголем дел од содржините се емитуваат на албански јазик. Самото тоа што има една телевизија терестријално, која што претежно емитува програма на албански јазик е доволно да се поддржи оваа идеја да има барем уште една за да има конкуренција. И минатиот пат кажал и сега повтори дека поради јазикот ја поддржува идејата и дополнително она што го кажал г-дин Фетаи околу форматот тоа е плус на самата идеја. Така да и тогаш ја дал неговата поддршка и сега. Исто така ќе го поддржи заклучокот Одлука да се донесе после изборите, така да ќе го поддржи заклучоците што се предложени.

Г-дин Трајчев, се изјасни дека и тој ја поддржува Одлуката и сите заклучоци. Со тоа што ќе се даде можност терестријално да се даде дозвола за уште една телевизија, ќе се овозможи поголема конкурентност и поголема понуда кон публиката, ќе се понуди

поголема програма и повеќе можности за избор. Тоа според него ќе биде позитивен ефект кој што ќе допринесе за подигнување на квалитетот на понудата која што ја имаат гледачите. Во врска со Студијата, смета дека треба да се проверат работите кои ги посочил г-динот Фидановски, околу репрезентативниот примерок и кога ќе се носи финалната Одлука и согласно предлогот на Стручната служба за тоа кој формат ќе биде даден во јавниот конкурс, ќе има можност за повторна дискусија. Во однос на заклучокот да се одложи конкурсот за после изборите, смета дека тоа е повеќе од потребно, затоа што сега се во еден изборен период каде што согласно Законот нема основ да се распише конкурс за доделување на дозвола. Се надева дека веднаш по завршување на изборите и објавување на конечните резултати, ќе може со дополнителните анализи од Стручната служба, да се пристапи кон објавување на предложениот јавен конкурс.

Г-дин Фидановски, укажа на два момента од аспект на тоа што го кажува Студијата. Првиот е на стр.24 од вкупниот материјал, каде што вели дека од 3-те сегменти на застапеност на програма на националните терестријални ТВ куќи, најмалку е застапена информативната програма. Значи најмногу е забавната, после е образовната, а најмалку информативната. А на стр.65 од вкупниот материјал на графиконот 35 стои: „За каква цел испитаниците најмногу гледаат телевизија?". Од испитаните најмногу убедливо се изјасниле за информативна програма, па потоа доаѓа забавна, па образовна и друго. Кога ги гледа овие два момента, рече дека треба да бидат претпазливи во извлекувањето на заклучоците, дека треба исклучиво да се инсистира на претежно образовен формат и дека можеби треба да се даде предност на тоа што се вели во Студијата. Тој рече дека не порекнува, да се даде шанса на телевизиски формат со сите три функции заедно, значи, информативна, образовна и забавна.

Советот на Агенцијата ја прифати Информацијата за наодите од „Студијата за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола, од аспект на исполнување на целите на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и од аспект на потребите на публиката", бр.08-4381/1 од 12.09.2016 година и заклучи, Одлуката за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво да биде донесена по завршувањето на изборниот процес, односно по објавувањето на конечните резултати од одржаните избори.

**Точка 4**
**Разно**

Г-дин Петрушевски, ја најави точката под разно, која беше поделена до членовите на Советот. Се работи за Барање од членот на Привремената комисија, кој живее надвор од Скопје. Во таа насока побарал, Агенцијата да му ги исплати трошоците за бензин, патарини и паркинг. Објасни дека во законските измени што се донесоа во јуни 2016 година е предвидена финансиска поддршка на членовите на Привремената комисија, но дека износот е фиксен. Никаде не пишува дека за потребите на седницата, тие кои што ќе доаѓаат ќе им се дава финансиски средства за направените трошоци. Се јавува проблем како тоа Стручната служба да го регулира и како Советот на Агенцијата да го одобри. Неговото толкување беше дека така ќе се прекрши Законот. Го повика

Директорот да објасни и членовите на Советот да дадат предлог како да се постапи по барањето, имајќи го во предвид дека тоа не е предвидено со измените на Законот.

Г-дин Трајчевски, рече дека неговиот став е ставот што е напишан во Законот. За работата, членовите на Привремената комисија добиваат месечен надомест од 3,5 просечни плати и надвор од тие финансиски средства, законски не можат да бидат доделени. Ги потсети членовите на Советот на Агенцијата дека минатата седница изгласаа измена на Финансискиот план на Агенцијата, тој Финансиски план е доставен до Министерство за финансии, кој што треба да ги рефундира тие средства. Согласно тоа рече дека надвор од она што е напишано во Законот, ниту Советот, ниту тој како Директор, не можат да постапуваат. Реално членовите на Привремената комисија во период од 30 дена ќе треба да разгледуваат 3 извештаи. Тоа би биле 3 состаноци и еден состанок за евентуално прекршување надвор од тие извештаи, така да затоа е и предвидена таа сума која што ја добиваат како надоместок. Кога станува збор за членовите на Советот на Агенцијата, точно во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е напишано дека за присуство на седници добиваат дополнителни финансиски средства ако патуваат од другите градови на републиката во Скопје. На крајот потенцира дека Законот е јасен и дека не може да се постапи надвор од него.

Г-дин Петрушевски, објасни дека тој живее во Велес и кога и доаѓа на седници, од 10 седници, 8 седници патува со јавен превоз, и нема никакви побарувања ниту надоместоци. Многу ретко доаѓа со негово сопствено возило и не го ни користи тоа право што го пишува во Законот. Побара членовите на Советот да го кажат нивното мислење затоа што во Законот не е наведена таква можност.

Г-дин Трајчев, рече, независно од потребата на членот на Привремената комисија и од тоа што го навел како барање, членовите на Советот и Директорот се должни да се придржуваат до одредбите наведени во Законот. Ако Законот тоа така го дефинирал, како и што објаснил директорот, значи Советот нема никаква законска можност да даде нешто што е повеќе од Законот. Во таа насока наведе дека мора и треба да се држат до тоа што е во самиот предлог од страна на Директорот и од Стручната служба и барањето да се одбие. Независно од било каква добра волја што ја имаат, дали има оправданост или нема, дали е тоа потребно, независно од сето тоа, рече дека мора да се држат во рамки на Законот како што е предвидено. И со оглед на фактот што Законот регулирал на кој начин се одредуваат надоместоците на Привремената комисија, треба да се постапи во тие рамки што впрочем на минатата седница и го сториле.

Г-дин Фиданоски, рече дека има дилема за тоа дали се прекршува Законот или не се прекршува, со тоа што ќе му се одобрат или нема да му се одобрат средства за патување. Г-дин Трајчевски споменал дека членовите на Привремената комисија објективно имаат работа три пати во месецот, значи 10 дневните извештаи да ги усвојат. Меѓутоа до сега праксата покажа дека Привремената комисија се состана 10-тина пати така и денес имаат состанок и се`уште не можат да најдат решение за некои основни прашања, и колку што му е познато нивниот Деловник за работа се`уште не е усвоен. Рече дека интензитетот на средбите им е поголем и не сака тие како Агенција, како Совет да бидат посочени како виновници, евентуално ако тој член се откаже од присуство на седници на Привремена комисија. Се согласи со фактот дека е привремена, меѓутоа со последните измени на Законот, на некој начин е институционализирана. Рече дека сака да сугерира, дека можеби е целисходно, да се обратат до ДИК. Потсети дека во текот на утрешниот ден има најавено работен

состанок со ДИК, па таа дилема да се расчисти. Дали може тие средства да се побараат директно, затоа што станува збор за изборни средства и евентуално да се обезбедат преку ДИК, па ако има можност да се излезе во пресрет на барањето за исплата на патни трошоци на г-дин Хазири.

Г-дин Фетаи, рече дека би сакал и г-дин Хазири да беше од Скопје, да не беше од Гостивар, да немаше потреба да патува и тогаш ќе немаше дилема. Го прочитал барањето за трошоци за бензин, патарини и паркинг. Со даденото објаснување на седницата произлегува дека е тешко во рамките на законските можности да му се надоместат овие трошоци. Смета дека е направен превид кога се донела одлука за Привремената комисија, во смисла токму на овие трошоци, бидејќи нивната функција е во рамниште на членовите Советот на Агенцијата. За членовите на Советот на Агенцијата за доаѓање на состанок, на седници, предвидено е да им се исплатат дополнителните трошоци кои ги имаат, во смисла на патарина, а како што рекол претседателот на Советот дека има многу малку трошоци во таа смисла. Тоа што го истакнал г-дин Фиданоски, човекот ако секој ден доаѓа од Гостивар, навистина има трошоци, патува со кола, а сепак е најзначајна личност во медиумската сфера во Македонија. Сите телевизии го емитуваат, кога доаѓал и претходно во Скопје тој доаѓал со своја кола и смета дека со автобус г-дин Хазири не патувал. Би било добра волја одма да се размисли, во смисла на законските можности, каде да се смести и некаков надоместок да му се обезбеди. Тоа е неговата идеја, бидејќи реално има тој трошоци во споредба со другите 4 членови кои се од Скопје. Доколку и во иднина членовите на Привремената комисија се почесто се состануваа, навистина ќе биде материјално оптоварен, бидејќи секое доаѓање од Гостивар, чини пари за патарини и бензин. Има информација дека често се состануваат и затоа е на страната на тоа дека треба да се направат напори да се реализира овој недостаток, според него законски, каде не е предвиден тој нивен надоместок.

Г-дин Трајчев, рече дека тој лично нема против да се најдат било какви други форми за да му се надомести на г-дин Хазири во врска со трошоците за патување. Предложи како можност тие како членови на Советот заеднички да издвојат средства од нивниот надоместок и да се покријат неговите трошоци или да побараат од некои институции. Формално правно од аспект на Агенцијата и Советот, мора да се држат до законските прописи и од самиот буџет на Агенцијата тоа не може да се исплати. Во делот на конкретното барање, од аспект на Агенцијата би требало да гласаат негативно. Но, се согласи да се изнајде било каква друга форма доколку има, доколку тоа е услов да продолжи да работи и да не биде тоа пречка за да тоа тело продолжи да функционира. Бидејќи Привремената комисија е од исклучителна важност за сите активности кои што се поврзани со изборниот процес, рече дека би поддржал било каква друга форма на исплаќање на тој надоместок, но не од страна на буџетот на Агенцијата.

Г-дин Трајчевски, образложи еден аспект од барањето, паркингот. Објасни дека ниту на членовите на Советот не им се плаќа паркинг, секој кога доаѓа сам си ги покрива трошоците за паркинг, така да и на колешката г-ѓа Машовиќ и ја зема пајак колата минатата седница. Во тој дел никој не е во попривилегирана состојба од членовите на Советот и членовите на Привремената комисија, и тој што е од Скопје и тој што не е од Скопје. Исто е и со вработените од Агенцијата, каде на ниту еден нема одобрено паркинг и самите од свои средства си плаќаат месечен надоместок од 800 денари во најблиската катна гаража. Рече дека се довеле во ситуација да дискутираат 2 часа за

800 денари, и предложи да дадат по 100 денари и да му го платат надоместокот за паркинг во катната гаража. Негово мислење е дека не треба да биде државен проблем едно несериозно однесување, и доколку смета дека не сака, нека не биде член на Привремената комисија. Што се однесува до Законот, не може да се израмнат членовите на Советот и членовите на Привремената комисија, бидејќи за избор на членовите на Привремената комисија нема никакви критериуми, ни образование, ни искуство, буквално само предлог од страна на политичка партија. Така да, не може да се стават на исто ниво членовите на Советот и членовите на Привремената комисија, бидејќи многу се строги условите за избор на членови на Совет на Агенција, за кои постои во Собрание на Република Македонија и образлагање на активностите што ќе ги преземат членовите на Советот доколку бидат избрани. Овде има сосема друга состојба, каде што членовите на Привремената комисија беа предложени од политичките партии, а тој како Директор по сила на Закон морал да ги потпише решенијата.

Г-дин Петрушевски, рече дека направил математика пред да се одржи денешната седница, доколку против законски се излезе во пресрет на барањето на г-дин Љуљзим Хазири. Ако секој ден доаѓа, отприлика работни 20-тина дена, ако дневно троши 1500-2000 ден. за бензин, патарини и паркинг, тоа би било 30,000-40,000 ден. месечно, со што би добивал поголеми приходи во однос на другите. И покрај тоа што нема основа во Законот. Објасни дека се јавил во автобуска станица и се информирал дека доколку би патувал со автобус, тоа би чинело 200 ден. во еден правец, 350 ден. е картата Гостивар-Скопје. Кога би патувал 20 дена за еден месец, би чинело околу 7000 ден., што е многу помал износ од претходниот. И во институции, во големи фирми каде што работат луѓе кои патуваат, ако им се излезе во пресрет, им ја плаќа таа сума, просечна месечна карта. Проблемот е што Агенцијата има проблем и со таа сума од 7000 денари, а не пак за оваа од 30-40,000 ден. Доколку Советот сака износот од 7000 илјади денари да му го надомести, прашање како ќе се изнајде легално оправдување за гласањето.

Г-дин Трајчевски, дополни дека не е спорно дека се состануваат секој ден, меѓутоа праша кој е резултатот од тоа, тие може да се состануваат и два пати на ден. Очигледно е, рече, дека не можат и после 20 дена да донесат Деловник за работа, што не претставува оправдување дека се состануваат секој ден.

Г-дин Петрушевски, додаде дека можат и на скајп да работат, да се гледаат, не мора да прават такви трошоци.

Г-дин Фетаи, рече дека сака само да влезе во суштината, во материјална расправа околу легитимитетот, ама тоа не е дел од темата, но и понатаму останува на мислење дека човекот е финансиски оштетен, бидејќи доаѓањето од Гостивар има трошоци, нема дилеми, тоа го знае и тој и затоа во најмала рака ако не може ништо друго, ќе биде воздржан, нема да го поддржи тоа што е предложено на седницата, што ќе биде во знак на солидарност и сочувство со пријателот Љуљзим Хазири, кој ќе биде материјално оштетен.

Г-дин Фиданоски, објасни дека во неговата претходна дискусија, не му ми била намерата да го спори искажувањето со аргументите што беа искажани од г-дин Трајчевски и останатите членови. Рече дека го мачи една друга работа, дека условно речено е дека можат да бидат посочени дека ја опструираат работата на Привремената комисија. Сака да ги гледа работите два чекора понапред и од тие причини вели дали може да направат некој напор, се разбира ако е противзаконски не, да се направи

контакт со допис до ДИК, па да се види што тие би одговориле, со допис до финансии па да се обезбедат средства. Едноставно некоја квота некој фонд на средства кои што ќе протекуваат наменски, тоа економистите го знаат подобро и да биде задоволено барањето. Тоа го предлага само со цел, Агенцијата да не биде посочена како потенцијален виновник за неработењето или за блокадата во работата на Привремената комисија.

Г-дин Трајчев, предочи дека дискусијата на седницата во однос на барањето на г-дин Хазири, се движи во друг правец, но секако мора да се затвори. Ако сите гласаат воздржано, гледа дека секој би сакал да гласа воздржано од причина што никој не сака да оштети некој човек кој што реално е оштетен во целата ситуација, споредено со другите, и Советот нема да донесе одлука. Мора да се донесе некаква одлука, поради тоа што тоа им е обврска како членови на Совет. Со оглед на фактот дека Законот не дава можност да одобри вакво барање, тогаш да донесат некој заклучок, тие како членови на Советот да ги покријат трошоците. Ако е тоа суштински важно како што кажал г-дин Фиданоски, се согласува дека потенцијално може да бидат посочени како причина за не функционирање на таа Привремена комисија, а сите го знаат кое е значењето на таа Комисија. Не би сакал оваа одлука да биде причина за нешто такво, но од друга страна мора да се согласни со Законот и одлуките мора да ги носат како што е Законот, некогаш иако тоа можеби им се допаѓа или не. Се изјасни дека во однос на Одлуката, не зависно од неговата желба, ќе постапи согласно Законот и би гласал против, но стои отворен доколку се предложи или се најде било каква форма да лично учествува во покривање на тие трошоци, се со цел да не се дојде во ситуација тоа да биде некоја причина за пречка на работата на Привремената комисија.

Г-дин Петрушевски, се согласи дека станува збор за чесен предлог. Рече дека и тој исто така не може да постапи спротивно на Законот, за разлика од многу други во државата. За жал, рече да не се оди далеку, Собранието неколку пати го прекрши Уставот, во овие две години. Г-дин Петрушевски, изјави дека може лично од себе да даде 1000 денари за г-дин Хазири. Ако 7-те члена на Советот дадат по 1000 денари, ќе станат 7000 денари за месечна карта, за да секој ден оди од Гостивар до Скопје. Ако од Велес до Скопје износот е 5000 денари, месечна карта е 3000 денари, знае зошто самиот ја купува, претпостави дека месечна карта од Гостивар до Скопје ќе биде помалку од 7000 денари и ќе има простор кога сака да доаѓа. Уште еднаш изјави дека може приватно да даде 1000 ден., но не може ова да го гласа. Ќе гласа да се усвои предложената информација.

Г-дин Фетаи, како и претходно што рекол, ќе биде воздржан и понатаму останува на неговата одлука, што според него нема смисла воопшто да се дискутира ако тој нема право на избор. Што ако е против, значи ставен е во позиција да го прекрши Законот, тоа не е фер. Зошто постојат три можности за гласање? Против, воздржан и за. Мисли, дека ако е толку цврсто и се е предвидено со Закон, зар не можат да го кажат нивното мислење, зошто се предвидени тие опции за гласање? Рече дека би бил посреќен, да овој одговор му се даде аргументирано, бидејќи во него не е прецизирано до крајност. И понатаму мисли дека реално гледано во споредба со другите четворица колеги кои се избрани, бидејќи е од Гостивар и мора да патува, е во полоша положба во споредба со другите, материјално. И затоа во најмала рака ќе биде воздржан во поглед на тоа што е предложено да се одлучува.

Г-дин Петрушевски, појасни дека согласно Законот сите финансиски трансакции ги потпишува директорот и ги одобрува Советот. И кога се носи јавна набавка од 5000 ден. пак му одобрува Советот.

Г-дин Ајдини, рече дека се става во позиција на Љуљзим Хазири, бидејќи тој патува од Куманово до Скопје и има трошок. Праша што ако условно речено утре излезе пред медиуми и го каже проблемот, и рече дека еден од Советниците добива толку и толку, а јас таква можност немам? Знаеме дека по Деловник тоа е така, по Закон е така, меѓутоа според него повеќе ќе и се наштети на Агенцијата ако не му се помогне. Сега кој е начинот и како тоа ќе се реши, подобро е да размислат, отколку да даваат некоректни предлози. Има чувство дека медиумите едвај чекаат во Агенцијата да се случи нешто, и тоа најситна и најневажна работа. На некој начин има сознанија, гледа кога тие се појавуваат на телевизија, дека Агенцијата им смета во работата и предложи да се изнајде начин и да размислат малку. Да се разговара со г-дин Хазири, уште еднаш да се проверат законските можности. Имајќи го во предвид моментот во кој се наоѓаме, смета дека ќе ги има по медиуми. Информира дека тој лично побарал средства само во рамките на тоа што го налага Законот.

Г-дин Петрушевски, објасни дека тој реално ќе има приход од 77,000 ден. месечно и овие 7000 не знае колку ќе му значат или не. Парите кои тој ги навел во барањето, се 30-40,000ден, тоа не е се исто. Според него, да патуваш секој ден со кола и да бараш некој тоа да ти го плати, малку е разгалено. Не мисли на колегата, туку за било кој да бара. Објасни дека тој лично поинаку се однесува и 90 % од време оди со јавен превоз или пешки и тоа не му смета. Во однос на информацијата, рече дека не е сугерирано кој како ќе гласа, секој сам ќе се изјасни во гласањето, има три можности да ја поддржи информацијата, да биде воздржан или да биде против, или да даде негов предлог.

Г-дин Ајдини се изјасни дека сака точката да се одложи.

Г-дин Петрушевски, најави дека има два предлога, едниот од г-дин Ајдини и другиот по предложената информација.

Г-дин Трајчев, праша дали има некоја целисходност на одлагање. Што би било различно решение, формално правно. Дали е потенцијално можно нешто во рамки на Законот да се понуди?

Г-дин Ајдини, побара да се разговара со г-дин Хазири, да се видат неговите реални трошоци. Секогаш е добро да се разговара, отколку да се донесе брза одлука.

Г-дин Петрушевски, објасни дека проблемот стои и со 100 ден и со 40,000 ден, колку и да изнесува е незаконски. Лично не разговарал со него, ама тоа го има како материјал. Ако нема други предлози, мора прво да го стави предлогот на колегата Селвер Ајдини на гласање.

Г-дин Фиданоски, повтори, можеби по трет пат со други зборови, меѓутоа според него има логика барањето на г-дин Ајдини, да се одложи точката, да се седне да се разговара, ама тоа да се случи до наредна седница, или во текот на неделата. Да се видат кои можности стојат, ако стојат на располагање некои други со кои што ќе се задоволи неговото барање, а притоа да не се кршат законските прописи, доколку е можно тоа да се тоа направи, да се направи напор. Ако не постои можност тогаш ќе мора веројатно да се оди според начелото на Законот.

Г-дин Трајчевски, објасни дека освен измена на Законот, ништо друго не е возможно, така да и да се разговара нема да се смени ништо, освен да се смени Законот во Собрание, што нема да се случи. Членовите на Советот ги информира дека од г-дин Хазири имало и дополнителни барања што како што рече не сака јавно да ги изнесува, затоа што ќе биде срамно да ги слушне јавноста, и рече дека по завршување на седницата, неофицијално ќе им ги каже.

Г-дин Петрушевски, по дискусијата, посочи дека во Законот има ставка дека секој ги носи последиците од своето незаконско гласање и точката ја одложи за наредната седница.

Подготвил: м-р Ружица Бошнакоска Јотевска
Контролирал: Маја Дамевска

Согласен: м-р Драгица Љубевска

Бр. 02-4379/3
23.09. 2016 година
С к о п ј е

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
Претседател на Советот

Лазо ПЕТРУШЕВСКИ